Уп. Бр. 08-80/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ауди Акциенгезелшафт**,** со седиште на Ауто-Унион-Стр. 1, 85057 Инголштат, Германија, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 31.05.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Ауди Акциенгезелшафт, со седиште на Ауто-Унион-Стр. 1, 85057 Инголштат, Германија ќе стекне контрола над Заубер Холдинг АГ**,** со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица  значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 25.04.2024 година, а дополнето на 13.05.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Ауди Акциенгезелшафт, со седиште на Ауто-Унион-Стр. 1, 85057 Инголштат, Германија, со која Ауди Акциенгезелшафт, има намера да стекне единствена контрола врз Заубер Холдинг АГ, со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Ауди Акциенгезелшафт** е главно активно на полето на проектирање, производство, снабдување и дистрибуција на автомобили како и производство и снабдување со резервни делови за автомобили.

Ауди Акциенгезелшафт е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Фолксваген АГ ( заедно со своите други претпријатија-ќерки "Групација Фолксваген"). 53,3% од обичните акции на Фолксваген АГ  се во сопственост на Порше Аутомобил Холдинг СЕ (*Porsche Automobil Holding SE*), што претставува 31,9% од капиталот на Фолксваген АГ.

Групацијата Фолксваген е производител на патнички возила и комерцијални возила, која своите производи ги нуди под марките: Фолксваген (*Volkswagen*), Фолксваген Комерцијални возила (*Volkswagen Commercial Vehicles*), ШКОДА (*ŠKODA*), СЕАТ (*SEAT*), КУПРА (*CUPRA*), Ауди, Ламборџини (*Lamborghini*), Бентли (*Bentley*), Дукати (*Ducati*) и Порше (*Porsche*).

Групацијата Фолксваген е исто така активна и во други области на бизнисот, како што се производство на дизел мотори со големи отвори за поморски и стационарни апликации, турбополначи и турбомашини, специјални менувачи, компресори и хемиски реактори.

Покрај тоа, групацијата Фолксваген нуди широк спектар на дополнителни брендови и бизнис единици, вклучувајќи финансиски услуги. Фолксваген Фајненшал Сервисис АГ (*Volkswagen Financial Services AG*) се состои од финансирање на дилери и клиенти, лизинг, банкарски и осигурителни активности и управување со возен парк.

Групацијата Фолксваген ги има следните претпријатија-ќерки основани во Северна Македонија:

- Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје и со регистрирана дејност-финансиски лизинг;

- Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

- Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден, со регистрирано седиште на Улица 34 бр.7, Илинден, Скопје и со регистрирана дејност-трговија со останати моторни возила и

- Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.4, Скопје и со регистрирана дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

Заубер Холдинг АГ е чисто холдинг друштво кое ниту е вклучено во оперативни активности ниту директно во финансирањето на оперативните правни лица.

Заубер Холдинг АГ има две претпријатија-ќерки:

(1) Заубер Моторспорт АГ (*Sauber Motorsport AG*) што го олеснува ангажманот во Формула 1 на Стејк Ф1 Тим Кик Заубер (*Stake F1 Team Kick Sauber*), е активно во Ф1 Еспортс (*F1 Esports*) и гради млади возачи во својата академија, и

(2) Заубер Технолоџис АГ (*Sauber Technologies AG*), кое е активно во активностите за истражување и развој на моторспортот и нуди остручена експертиза за Формула 1 во инженерството, производството и аеродинамиката за трети страни.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**